Друштво за трговија, производство и услуги
МЕТАЛ-ВАТ-ЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 90/2018
14.12.2018 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
19-3789/7
14.12.2018 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**Д О Г О В О Р ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ**
**по спроведена постапка БПП-О дел.бр.19-3789/2018**
**склучен на ден __.12.2018. помеѓу следните**

Склучен помеѓу:

**1.Општина Крива Паланка со седиште на ул.Св.Јоаким Осоговски бр.175 Крива Паланка (во натамошниот текст: договорен орган) застапувана од Градоначалникот Борјанчо Мицевски**

**2. ДПТУ МЕТАЛ-ВАТ-ЕЛ ДООЕЛ ул.Благоја Стефковски бр.44 1000 Скопје (во натамошниот текст - носител на набавката) застапувано од управителот : Манка Манагарова**

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:

Член 1

Предмет на договорот е: Набавка на услуга за новогодишно украсување на градот (Монтажа и демонтажа на изнајмена декоративна опрема за Новогодишно украсување за 2019г. на дел од главната улица Св.Јоаким Осоговски во Општина Крива Паланка , спрема спецификацијата и понудата кои се составен дел на договорот.Средствата се планирани во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018.

ВРЕДНОСТ НА УСЛУГИТЕ

Член 2

Вкупната вредност на услугите од чл.1 на овој договор без ДДВ изнесува: 300.000,00 денари , ДДВ изнесува 54.000,00 денари или се вкупно со ДДВ изнесува 354.000,00 денари.

| Ред. број | Опис на услугата | Ед. мера | количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Главна улица Свети Јоаким Осоговски** | | | | | |
| 1. | Изнајмување, поставување и одржување на ЛЕД сијалици мин. (230 V, гумен кабел, лед сијалички – 100 парчиња, 10 метри, 10 трепкачи, IP44) за период не пократок од 30 дена | Парче | 40 | 2.125,00 | 85.000,00 | 100.300,00 |
| 2. | Изнајмување, поставување и одржување на светлосна мрежа – icycle мин. (230 V, гумен кабел, лед сијалички – 186 парчиња, 18 трепкачи, 50+W: 400x (40-100-40) за период не пократок од 30 дена | Парче | 40 | 2.250,00 | 90.000,00 | 106.200,00 |
| 3. | Изнајмување, поставување и одржување на светлосни фигури (висина мин. 2м, ширина мин.1м, метална конструкција обложена со светлосно црево, P=476W – 230V) за период не пократок од 30 дена | Парче | 40 | 2.000,00 | 80.000,00 | 94.400,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Изнајмување, поставување и одржување на светлосни елементи во вид на топка (со дијаметар од мин. 0.7м до макс. 1.2м) за период не пократок од 30 дена | Парче | 12 | 3.750,00 | 45.000,00 | 53.100,00 |

Со потпишувањето на договорот, носителот на набавката потврдува дека ги проверил условите за набавка, позициите и количествата во кои се вкалкулирани сите трошоци за извршување на набавката.

Член 3

Плаќањето на средствата од чл.2 на овој договор ќе се изврши по извршената услуга со уредно доставена фактура во чиј прилог е потпишана испратница од овластените дека набавката е извршена во се спрема техничката спецификација и во утврден рок не подолг од 60 дена.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 4

Договорниот орган е должен:

-да ги исплати обврските кон носителот на набавката во утврден рок согласно понудата на носителот на набавката.

-да изврши технички преглед на украсените локации согласно законските прописи.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 5

Носителот на набавката е должен:

-да ја монтира декоративната опрема која е во негова сопственост или е земена под закуп на негов трошок и да изврши нејзина демонтажа на утврдените локации во се според спецификацијата во Општина Крива Паланка .

-да го изврши украсувањето на градот во се според спецификацијата која е составен дел на договорот најдоцна до 20.12.2018год:

-да ги отстранува недостатоците најкасно во рок од еден ден по пријавата од овластените лица, во рок на траење на договорот односно најмалку до 20.01.2019 година;

-квалитетно и навремено да ги изврши земените обврски а доколку на некои предвидени локации нема услови за поставување на украсните елементи тоа да се направи на друга соодветна локација во градот во согласност со овластените лица;

-после 20.01.2019 година веднаш да започне со демонтажа на изнајмените фигури.

Член 6

Надзор над извршувањето на услугите од овој договор ќе вршат овластените лица вработени во Општина Крива Паланка и тоа лице овластено за јавно осветлување и Раководителот во Одд.за изградба и одржување на комунална инграструктура кои ќе ги потпишуват испратниците и фактурите. Документите ќе се сметаат валидни ако се потпишани од овластените лица.

Р О К НА ИЗВРШУВАЊЕ

Член 7

Носителот на набавката се обврзува да го испорача предметот на договорот на следниот начин: да ја изврши монтажата на изнајмените фигури најдоцна до 20.12.2018 год. а демонтажата на изнајмените фигури да ја изврши веднаш после 20.01.2019год.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти со писмена изјава на другата договорна страна без одлагање.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

За се што не е предвидено во овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 10

Во случај на спор кој може да дојде во врска со толкувањето и извршувањето на овој договор, договорните страни ќе настојуваат да го решат спогодбено.

Ако спорот не се реши спогодбено, надлежен за решавање на истиот ќе биде Основниот суд во Куманово .

Член 11

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои после потпишувањето и заверката 4 примерока за договорниот орган а 2 примерока добива носителот на набавката.

**Носител на набавката**
**ДПТУ МЕТАЛ-ВАТ-ЕЛ ДООЕЛ**
**Управител**
**Манка Манагарова**

Друштво за трговија, производство и услуги 1 МЕТАЛ-ВАТ-ЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**Договорен орган**
**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**